**СООПШТЕНИЕ ЗА РАСПИШУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ЗАМЕНИК СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

Почитувани студенти,
врз основа на член 37, а во врска со член 31 став 3 од Законот за високо образование, (Сл. весник број 82/2018), член 69 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) како и член 43 и член 44 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности - Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на ден 20.01.2020 година, понеделник, Факултетското студентско собрание распишува конкурс за заменик студентски правобранител.

Заради заштита на правата на студентите на факултетот се избира заменик студентски правобранител, од редот на редовните студенти на факултетот, кој за својата работа поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на единицата, односно факултетот.

Факултетското студентско собрание избира заменик на студентски правобранител од редот на студентите од Факултетот, кои не се членови на собранието, со мандат од две години без можност за реизбор.

За заменик студентски правобранител на Факултетот за драмски уметности - Скопје се именува оној кандидат кои освоил мнозинство гласови од страна на членовите на Факултетското студентско собрание на факултетот на седница која ќе се одржи по завршување на конкурсот.

Конкурсот за заменик студентски правобранител на Факултетот за драмски уметности - Скопје завршува на 31.01.2020, во 15:00 часот. Кандидатите сами се пријавуваат на email адресата fssfdu@gmail.com со испраќање на мотивационо писмо со кое изразуваат интерес за функцијата Заменик студентски правобранител на Факултетот за драмски уметности - Скопје.

По истекот на конкурсот, нормативната комисија, во функција на изборна комисија на овој конкурс, ќе ги разгледа кандитатурите и оние кои ги исполнуваат условите ќе ги достави до Факултетското студентско собрание.

Овој конкурс се објавува на веб страницата и на огласната табла на факултетот.

**Нормативна комисија**
**Факултетско студентско собрание на ФДУ**
Ања Митиќ
Нина Елзесер
Кристијан Атанасов